Почитуван претседател на Република Северна Македонија,

Почитуван претседател на Комората, Професор Миле Димитровски,

Почитуван претседател на Комората на бугарските инженери, д-р Иван Каралеев,

Почитувани колеги инженери,

Почитувани гости.

Како претседател на Европскиот Совет на инженерски Комори, горд сум на нашата членка, Комората на овластени архитекти и овластени инженери која воспостави ваков свечен чин на доделување на златен инженерски прстен, кој како знак на голема почит кон инженеството на добитниците им го врачува претседателот на државата.

Златниот инженерски прстен претставува високо признание за најдобро дипломираните инженери кои своите студии ги завршиле квалитетно, а тоа значи со највисок просек и во определениот рок за студирање.

Воспоставување на инженерската извонредност е круцијално за идниот развој на Европа како континент, а не само на Европската Унија, иако некои од директорите на Комисиите во ЕУ неоправдано сметаат дека Коморите се пречка за слободниот пазар.

Ние знаеме дека коморските правила го заштитуваат квалитетот, а не само заштедата на пари, и затоа квалитетот треба да се истакне и да се награди

Нашите општества бараат едуцирани и добро обучени инженери, независни и подготвени да работат насекаде во Европа, со сите инвеститори и нарачатели.

Квалитетот е клучниот елемент кој го поседуваат инженерите за да остварат одржлив и напреден развој, но не и добивка по секоја цена, ризикувајќи го квалитетот.

Почитувани добитници на инженерскиот прстен Ви честитам на добиеното признание, Ви пожелувам успешна кариера, а на вас, професор Миле Ви благодарам на поканата за присуство на овој свечен чин.

Клаус Туридл,

Претседателот на Европскиот совет на инженерски комори

Скопје, 28.06.2019 година